Уп. бр. 08-64

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о. со регистрирано седиште на Брнчичева улица 49А, 1231 Љубљана – Чрнуче, Словенија преку адвокат Љупка Новеска Андонова од Скопје, на седницата одржана на ден 31.07.2019 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о. со регистрирано седиште на Брнчичева улица 49А, 1231 Љубљана – Чрнуче, Словенија стекнува самостојна контрола над СКАЈЛАЈН КЕЈБЛ телекомуникациски услуги д.о.о. со регистрирано седиште на Целовшка цеста 150, 1000 Љубљана, Словенија, по пат на купување на удел во друштвото, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 11.07.2019 година, а дополнето на ден 15.07.2019 година, Комисијата за заштита на

конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), прими известување за концентрација од Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о. со регистрирано седиште на Брнчичева улица 49А, 1231 Љубљана – Чрнуче, Словенија со која Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о. има намера преку стекнување на удели да стекне самостојна контрола над СКАЈЛАЈН КЕЈБЛ телекомуникациски услуги д.о.о. со регистрирано седиште на Целовшка цеста 150, 1000 Љубљана, Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото и дополнувањето го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

- Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о. е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о. е дел од потесната групација во состав на БЦ Партнерс – Јунајтед Груп (United Group), која обезбедува телекомуникациски и медиумски услуги во неколку држави од регионот.

БЦ Партнерс во Република Северна Македонија има регистрирано присуство преку следните индиректно зависни друштва:

– Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар „ВМРО" бр. 3, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, а кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа;
– ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул.„Орце Николов" бр. 68/3, Центар, Скопје, Северна Македонија, а кое се бави со маркетиншки дејности.

Дополнително, БЦ Партнерс се исто така присутни во Северна Македонија и преку телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани лица, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги: N1, Grand, Cinemania, Sport Klub, Ultra/Mini Ultra, Fight Channel, Orlando Kids, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainz i Nova S (United Media).

Покрај ова, БЦ Партнерс остварува и ограничени приходи преку продажба на производи од страна на други портфолио друштва: Springer Nature, Pharmathen и Keter.

-СКАЈЛАЈН КЕЈБЛ телекомуникациски услуги д.о.о. е активен со обезбедување на телекомуникациски услуги (фиксна телефонија, широкопојасен пристап на

интернет и дистрибуција на медиумски содржини) на корисниците на територијата на Република Словенија.

СКАЈЛАЈН КЕЈБЛ телекомуникациски услуги д.о.о е создаден преку издвојување од друштвото СКАЈЛАЈН телекомуникации д.о.о. (SKYLINE telekomunikacije d.o.o.), односно преку пренесување во име на Целното друштво на сите телекомуникациски договори и сите средства и техничка опрема кои претставуваат кабелско-дистрибутивен систем.

СКАЈЛАЈН КЕЈБЛ телекомуникациски услуги д.о.о. нема регистрирани друштва, подружници, претставништва или било какво друго присуство во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**